This project is cofounded by EU

NPWE
NATIONAL PLATFORM FOR WOMAN ENTREPRENEURSHIP
National platform for women entrepreneurship

# СОВЕТОДАВЕН ОДБОР НА НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

## ПРЕПОРАКИ И ДИСКУСИЈА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО – ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Проф. д-р Тамара Јованов Апасиева

Член на советодавен одбор на NPWE

**Датум: 11.05.2022 година (среда)**
**Време: 13:00**
**Место: Зум платформа**

# ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ – НАЦИОНАЛНА ПРАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

- **Главната цел на проектот:** зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање предлог јавни политики и застапување во областа на женското претприемништво, со спој на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.
- **Специфични цели на проектот се:**

1. градење на национална платформа за ЖП како главен социјален партнер за креирање политики и реформски процеси;
2. олеснување на структурниот дијалог, вмрежување и консултации меѓу засегнатите страни од ЖП на национално и локално ниво;
3. подобрување на капацитетите на граѓанските организации за ЖП за политика, застапување и соработка со националните и локалните власти;
4. промовирање на жени претприемачи како двигатели на промените во јавната политика.

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

- Жените претставуваат околу 50% од универзитетските студенти во повеќето развиени земји, но тие се недоволно застапени во областите на науката, технологијата, инженерството и математиката (STEM) (Waaijer et al., 2016).
- За помладите деца, нема разлика во користењето компјутери, но на возраст од 16 или 17 години, јазот меѓу половите расте (Dikson at al., 2014).
- Дополнително, дури и кога родовите разлики во вештините се незначителни, жените ги перципираат нивните вештини како пониски од оние на нивните машки колеги (Dikson at al., 2014; van Dijk, 2017).
- Жените во моментов претставуваат само 30% од ИКТ работниците во Европа и имаат создадено само 9% од ИКТ апликациите (Pappas et al., 2017). Ова е контрадикторност бидејќи истражувањата покажуваат дека жените се честопати покреативни од мажите и дека силно женско присуство во бизнисот води до поефективни одлуки (Pappas et al., 2017).

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

- Извештајот на ОЕЦД за 2018 година покажа дека 327 милиони помалку жени од мажи имаат паметен телефон и можат да пристапат до мобилен интернет.
- Жените се ограничени од недостатокот на дигитални ресурси, недостатокот на финансиски ресурси и стравот од безбедноста на интернет.
- Социо-културното размислување ги обесхрабрува жените да стапнат во технолошкиот сектор и мултитаскинг активностите во обидот да управуваат со бизнис додека се грижат за семејството го отежнува учењето на нови вештини и алатки.
- Според Извештајот за родовиот јаз на Светскиот економски форум за 2020 година, ќе бидат потребни 257 години за да се постигне економска родова еднаквост.

# ВЛИЈАНИЕ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА

- Технологијата е нераздело поврзана со иновацијата.
- Дигиталните алатки и технологијата го менуваат начинот на кој го живееме животот и како работиме.
- Воведување и користење на нова технологија е клучно за создавање на конкурентска предност за бизнисите.
- Дигитализацијата овозможува нови начини за комуникација со потрошувачите и општеството во целина, како и нови начини за дистрибуција и продажба на производите (нови бизнис модели).
- Дигитализацијата е поврзана и со можностите за одржлив развој.
- Глобалната продажба на е-трговија, која веќе беше вредна 26,7 трилиони долари во 2019 година, се зголеми за време на пандемијата, според извештајот на УНКТАД.
- Потрошувачите купуваа повеќе од кога било онлајн, зголемувајќи го уделот на е-трговија во глобалната трговија на мало меѓу големите економии од 16% во 2019 година на 19% во 2020 година.
- Инспирирањето и поддршката на жените претприемачи кои се стремат да успеат во дигиталниот простор, стана уште поважно од претходно.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО – ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

1. Создавање вештини: Организирање на тренинг и обуки за потенцирање на корисностите од технологијата и развој на вештини за употреба на дигитални алатки. Жените претприемачи треба брзо да се усовршуваат бидејќи многу од идните бизниси ќе бидат во дигитално трансформирани. Покрај официјално организирање на обуки, жените треба да се охрабруваат на неформално доусовршување преку е-учење на достапни платформи како: Coursera, UdaCity и EdX или Quizlet за студенти на светско ниво, како и проучување на материјали објавени од МАСИТ (Стопанска комора за ИКТ), Македонската асоцијација за е-трговија и користење на услугите за бесплатен консалтинг од bizz4all.mk - проект на УНДП во соработка со Министерство за економија и Swiss Agency for development.
2. Вмрежување: Поврзување на жените претприемачи со успешни жени претприемачи од технолошкиот сектор за размена на искуства.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО – ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

3. Информирање и учество: обезбедување и пласирање на информации на жените претприемачи за постојните платформи и асоцијации за е-бизнис во државата и регионот и охрабрување за вклучување во истите како простор каде што ќе можат да ги споделат искуствата, да ги развиваат вештините и да се инспирираат и мотивираат едни со други. Поттичнување на учество и во технолошки инкубатори и акцелератори кои треба да бидат инклузивни за жените претприемачи со приспособливост и поддршка. Студија на британската влада покажа дека над 60 проценти од стартапите велат дека тоа што биле во акцелератор е од витално значење за нивниот успех.
4. Промовирање на добри примери: во приказните за жени претприемачи да се вклучат повеќе примери на успешна дигитализација на бизнисите за можност за поистоветување.
5. Фондови: Информирање и охрабрување на жените да ги користат постојните фондови за дигитализација на бизнисот во делот на поддршка за МСП од Министерство за Економија и ФИТР.


Zoom Meeting
Recording
Jumni Ademi
Tamara Jovanov
Emilija Andonova_MIR Foundation
Tatjana Gogoska
Koordinator
Jasmina Kantardzieva
Maja Stolevska Kostadinova
Koordinator
Elena Blazhevska
Valentina Disoska
Valentina Disoska
dusica perisic
dusica perisic
EN
13:14
11.05.2022